Дел. бр. 01 – 140/1
29.08.2024 год.
с.Тополчани - Прилеп

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ“ - ТОПОЛЧАНИ, ПРИЛЕП

## за период од 2024 до 2028 година



**Тополчани, август 2024**

**Преамбула**

Општинското основно училиште „Круме Волнароски” - Тополчани е дел од државниот воспитно-образовен систем на РСМ и е институција од јавен интерес. Согласно Законот за основно образование, Развојната програма на ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, Прилеп е изработена врз основа на член 49 став1, 2, 3 и член 108 став 1 алинеа 3 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година и 229/20), како и член 1,2,3,4,5 од Правилникот за формата и содржината на развојната и Годишната програма за работа на основното училиште. Развојната програма за работа на ООУ„Круме Волнароски“ - Тополчани, Прилеп е донесена на седница од Училишниот одбор одржана на 29.08.2024 година.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | |
| Име на основното училиште | ООУ Круме Волнароски - Тополчани |
| Адреса | ул.Маршал Тито бр.6 - с.Тополчани |
| Телефон,<br>е-пошта | 048480104<br>krumevolnaroski@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | јуни-август 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 134 |
| Број на подрачни училишта | 8 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Дејан Бунтески |
| Потпис | |
| Датум | 29.08.2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Игор Мискоски |
| Потпис | |
| Датум | 29.08.2024 |

**Содржина**

**1.Податоци за основното училиште**

1.1.Идентификациски податоци за училиштето

1.2.Историјат на основното училиште

**2.Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

**3.Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

**4.Мисија и визија на основното училиште**

**5.Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

**6.Дефинирани стратешки и развојни цели**

**7.Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

**8.Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

## 1.Податоци за основното училиште

Училиштето „Круме Волнароски“ – Тополчани, Прилеп е централно општинско основно училиште во кое се реализира настава на македонски наставен јазик од I до IX одделение и во својот состав има осум подрачни училишта. ЦОУ е лоцирано во населеното место Тополчани, а подрачните училишта опстојуваат во населените места: Старо Лагово, Чепигово, Алинци, Загорани, Ново Лагово, Галичани, Беровци и Клепач. Во подрачното училиште во с. Старо Лагово се изведува настава од I до IX одделение, а во сите подрачни училишта (освен во с.Клепач) се изведува настава од I до V одделение во комбинирани паралелки.

### 1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Круме Волнароски |
| Адреса | Маршал Тито бр.6 |
| Телефон | 048480103 |
| Место, општина | с.Тополчани, Прилеп |
| Веб-страница | ooukrumevolnaroski.edu.mk |
| Е-пошта | krumevoolnaroski@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 9 Мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 748 м2 |
| Училишен двор (m2) | 7000 м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | Осум подрачни училишта во населените места во: с.Старо Лагово, с.Ново Лагово, с.Чепигово, с.Алинци, с.Загорани, с.Галичани, Беровци и с.Клепач |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 134 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 134 |
| Број на паралелки | 20 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |

| | |
|---|---|
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | нема |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | прва |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | нема |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | нема |

### 1.2.Историјат на основното училиште




ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани е основано во 1948 година. Своето име го добива по еден од седумте народни херои од општина Прилеп. Училиштето е лоцирано во центарот на селото Тополчани и е рурално општинско училиште. Основано од Секретаријат на општествени служби и општа управа при Собрание на општина Прилеп, бр. 09-85/1 17.03.1986. Внатрешната површена на училиштето е 748 м$^2$, а училишниот двор од 7000 м$^2$. Училиштето располага со спортски терени и игралишта со површина од 1000м$^2$.

Основното училиште „Круме Волнароски“ – Тополчани, Прилеп, е централно општинско основно училиште во кое се реализира настава на македонски наставен јазик од I до IX одделение и во својот состав има осум подрачни училишта. Централното училиште е лоцирано во населеното место Тополчани, а подрачните училишта опстојуваат во населените места: Старо Лагово, Клепач, Чепигово, Алинци, Загорани, Ново Лагово, Галичани и Беровци. Во подрачното училиште во с.Старо Лагово се изведува настава од I до IX одделение, а во сите подрачни училишта (освен во Клепач) се изведува настава од I до V одделение во комбинирани паралелки.

## 2.Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Подобрување на условите за работа на училиштето | 1.1.Реконструкција на фасадата во ЦОУ Тополчани | да | / | / | Реконструкцијата на фасадата во целост се реализираше според планот и заврши во 2020 год. |
| | 1.2. Изработка на парно греење во ЦОУ Тополчани и ППУ с.Старо Лагово | / | / | да | Изработката на парно греење во ЦОУ-Тополчани и ППУ с.Старо Лагово не се реализира поради недостаток на материјални средства. |
| | 1.3. Поставување на спуштен таван во ходникот на ЦОУ Тополчани | да | / | / | Поставување на спуштен таван во ходникот на ЦОУ Тополчани се реализира според планот во 2023 година. |
| | 1.4. Реконструкција на ѕидови и тавани во ЦОУТополчани | да | / | / | Реконструкција на ѕидови и тавани во ЦОУ Тополчани во целост се реализира според планот во 2023 година |
| | 1.5.Изградба на спортско игралиште во ППУ с.Старо Лагово | / | / | да | Изградбата на спортско игралиште во ППУ с.Старо Лагово не се реализира поради немање на материрални финансиски средства |
| | 1.6. Поплочување во ЦОУ Тополчани, ПУ Беровци и ПУ Загорани | да | / | / | Поплочување на патеки во ЦОУ-Тополчани, ПУ Беровци и ПУ Загорани во целост се реализира според планот во 2022 година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.7. Оградување на училишните дворови во ЦОУ Тополчани, ПУ Ново Лагово и ППУ Старо Лагово | / | да | / | Оградување на училишните дворови во ЦОУ-Тополчани и ПУ Ново Лагово целосно се реализира според планот во 2021 год. Додека, во ППУ Старо Лагово не се реализира поради недостаток на материјални средства. Дворот не е ограден поради што опфаќа многу голема површина. |
| | 1.8. Замена на постоечката дограма во ПУ с.Алинци и ПУ с.Загорани | да | / | / | Постоечката дограма во ПУ с.Алинци и ПУ с.Загорани целосно беше заменета во 2021 година. |
| | 1.9. Монтирање на 2 клими инвертори во ПУ с.Беровци | да | / | / | Поставената цел - монтирање на две клими инвертори во ПУ с.Беровци целосно се реализира во 2021 година. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** | **Целосно реали-зирана** | **Делумно реализи-рана** | **Нереали-зирана** | **Образложение** |
| *2*. Опрему-вање на училиштето со современи нагледни средства за реализација на современа настава и нејзино промовира-ње*.* | 2.1.Опремување на училиштето со современи нагледни средства по наставни предмети | да | / | / | Набавена е целокупната планирана опрема и истата се користи низ редовната настава и вонаставните активности со што се подобрува наставата. Нагледни средства по ФЗО (јарец, душеци, топки, хулахоп, конуси, јаже, маркери), Биологија/Природни науки-(постери, модели на органи, прибор за дисекција...), физика (електрично ѕвоно, алперметар, волтметар, постери...), математика (прибор за цртање, геометриски тела, модели за дропка, математички стапчиња, координатен систем... Набавката на нагледните средства е извршена во период од 2022 до 2024 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.2. Изработка, ажурирање и одржување на веб страна на училиштето | да | / | / | Веб страната на училиштето е функционална и се користи за преставување на училиштето преку реализирани активности, споделување на соопштенија,новости и сл. Истата е изработена во 2021 година. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** | **Целосно реали-зирана** | **Делумно реализи-рана** | **Нереали-зирана** | **Образложение** |
| 3.Зајакнува-ње на стручните компетенции на наставниот кадар и стручните соработници | 3.1. Организирање обуки/ работилници за користење на е - содржини и апликации во наставата | да | / | / | Реализирани беа три обуки/работилници според планот, и тоа:<br>1.Обука за методи и педагошки аспекти на дигитална настава-учење од далечина и алатки кои се користат / 28 наставници, 2020.<br>2.Обука - реализација на настава со користење на ИКТ средства за учење /30 наставници, 2022.<br>3.Обука за национална платформа-настава МК / 17 наставници, 2024<br>Реализацијата се одвиваше од 2023 до 2024 |
| | 3.2. Продлабочува-ње на стручните компетенции на наставниот кадар и стручните соработници | да | / | / | Целосно се реализира поставената цел според планот. Беа реализирани 7 обуки, и тоа:<br>1.Обука-Инклузија на деца со ПОП, стекнати компетенции за знаења за инклузија, знаења, вештини, препознавање и индивидуализиран пристап кон ученици за ПОП, изработка на ИОП / 30 наставници, 2020.<br>2. Поучување и учење/ Постапки и инструменти за евалуација на учењето и поучувањето - стекнати професионални компетенции од подрачјето поучување и учење и инструменти за евалуација / 30 наставници, 2021. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 3.Обука - Учење преку истражување, работа на проекти и решавање проблем - Стекнати професионални компетенции од подрачјето поучување и учење / 28 наставници, 2023<br>4.Обука - Справување со врсничко насилство и кибернасилство - стекнати основни профеионални компетенции од подрачјето создавање стимулативна средина за учење / 30 наставници, 2023<br>5.Обука за стручни соработници на тема: Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство - стекнати основни професионални компетенции од подрачјето Работа со родители / 2 стручни соработници<br>6. Обука - Инклузивно образование во пракса за стручни соработници - стекнати професионални компетенции од подрачјето соработка со заедницата / 1 стручен соработник-социолог.<br>7.Обука „Интегрирање на професионалниот развој и кариерното-советување во наставата - стекнати професионални копетенции од подрачјето работа со ученици / 1 стручен соработник - социолог, 2023<br>Реализацијата беше за период од 2022 до 2024 година. |

### 3.Фактори што влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)

ООУ Круме Волнароски - Тополчани, во месеците март, април и мај 2024 година, спроведе самоевалуација преку која се увиде функционирањето на училиштето, неговите силни страни, слаби страни и ресурси гледано од различни агли и тоа вработени, ученици, претставници на локалната заедница.Низ SWOT анализа ги потенцираме добиените резултати низ подрачја и тоа:

***Резултати од SWOT анализа***

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| --- | --- |
| ➢ Училиштето води грижа за реализацијата на наставниот план и наставните програми, дава континуирана подршка на наставниците и учениците, соработува со родителите и локалната средина;<br>➢ Училиштето навремено обезбедува обуки на наставниците и стручните соработници како дел од професионалниот развој и истовремено поттикнува примена на современи методи и техники при реализацијата на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници;<br>➢ Наставниците навремено ги изработуваат планирањата според насоките од БРО и МОН, а задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците;<br>➢ Учениците и родителите ја оценуваат безбедноста и училишната атмосфера за работа како многу добра;<br>➢ Учениците можат слободно да ги избираат слободните изборни предмети и изборните предмети;<br>➢ Наставниците редовно ги известуваат учениците и родителите за постигнувањата и начините за нивно подобрување;<br>➢ Учениците активно се вклучени во реализирањето на | ➢ Има потреба од смарт табли со софтвер за потребите на новите програми за новата концепција;<br>➢ Потреба од подобрување на интеракцијата меѓу наставниците и учениците преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија.<br>➢ Има потреба од нагледни средства и дидактички материјали (медиотека) според новата концепција;<br>➢ Потребна е набавка на нагледни дидактички материјали по наставни предмети;<br>➢ Континуиорано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за изготвување на диференциран пристап во планирањата;<br>➢ Наставниците имаат потреба од обука за изготвување - дизајнирање на објективни тестови на знаење.<br>➢ Има потреба од поголема соработка со родителите / старателите.<br>➢ Училиштето има потреба од поголема соработка со деловната заедница;<br>➢ Слаба соработката на училиштето со урбаните/ руралните заедници и граѓанскиот сектор;<br>➢ Има потреба од спортски соблекувални по ФЗО во ЦОУ Круме Волнароски -Тополчани.<br>➢ Има потреба од спортски соблекувални по ФЗО во ППУ |

| | |
|---|---|
| воннаставните активности.<br>➢ Училиштето континуирано ги следи и вреднува постигањата на учениците, а успехот од учениците е во корелација низ неколку учебни години;<br>➢ Напредокот на учениците се следи индивидуално (формативно и сумативно) со почитување на индивидуалните способности, ставови и вредности;<br>➢ Постигањата на учениците јавно и транспарентно се презентираат на одделенски и наставнички совети, родителски средби, совет на родители и училишен одбор.<br>➢ Реализацијата на дополнителната настава допринесува за зајакнување на сознајниот и когнитивен развој кај учениците;<br>➢ Во училиштето сите субјекти носители на воспитно-образовниот процес ги почитуваат индивидуалните карактеристики на учениците и при тоа се води сметка за учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, учениците со попреченост, емоционални потешкотии и ученици од социјален ризик.<br>➢ Угледот/имиџот на училиштето го градат сите субјекти во училиштето со промовирање на културните афинитети на теренот каде припаѓа училиштето.<br>➢ Кодексот на однесување во училиштето го донесуваат учениците, наставниците, родителите и секоја година се ажурира/обновува за еднаквост кај сите засегнати страни.<br>➢ Ученичкото демократско учевство во ученичките органи и тела е мотивирано и подржано од сите наставници.<br>➢ Хигиената во училиштето и заштитата од болести е на високо ниво. | Круме Волнароски - с.Старо Лагово.<br>➢ Има потреба од летниковец / ЕКО училница во ПУ Беровци.<br>➢ Има потреба од изградба на централно загревање на училишната зграда во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани.<br>➢ Има потреба од изградба на централно загревање на училишната зграда во ППУ Круме Волнароски-с.Старо Лагово.<br>➢ Потребна е реконструкција на ѕидови, тавани и подови во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово.<br>➢ Потребна е промена на електричната инсталација во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово. |

| | |
|---|---|
| ➢ Соработката на училиштето со општина Прилеп е на високо ниво (истата ги поддржува инфрастуктурните зафати и едукативната страна).<br>➢ Професионалната ориентација и кариерен развој на учениците секоја година се унапредува.<br>➢ Училишниот одбор јавно и транспарентно ги носи своите одлуки;<br>➢ Директорот на училиштето води грижа за целокупната организација и реализација на воспитно–образовната работа во училиштето;<br>➢ Управувањето со ресурси е на задволително ниво со што се задоволени потребите на учениците, наставниците, родителите...;<br>➢ Училишната библиотека (во ЦОУ Тополчани и ППУ с.Старо Лагово)  е отворена за користење од страна на учениците, наставниците и родителите;<br>➢ Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес согласно развојната програма;<br>➢ Училиштето обезбедува поддршка за професионален развој на вработените;<br>➢ Во училиштето постои план за следење и евалуација на реализацијата на активностите;<br>➢ Управувањето со училишниот буџет е јавно и транспарентено. | |

| Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето | Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување |
|---|---|
| ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани е рурално училиште, а материјалната состојба како и активностите кои ќе се реализираат се во насока на подршка од страна на МОН и Локалната самоуправа. | Пречките и заканите со кои училиштето е опкружено се големиот број подрачни училишта и малиот број на ученици. |

По извршената интегрална евалуација од страна на ДПИ, во јануари 2019 година беа дадени забелешки, и тоа, за превземење на активности во насока на обезбедување на обуки на наставници заради стекнување на потребни знаења и вештини за работа со ученици со ПОП, изработка на индивидуален образовен план за деца со ПОП, како и актовности за Воннаставни активности. По дадените насоки од ДПИ училиштето пријде кон нивно реализирање.

## 4.Мисија и визија на основното училиште

МИСИЈА

Училиште во кое сите ученици ќе постигнат успех, успех кој ќе ги води кон правилен пат во животот со што ќе се стекнуваат различни знаења и вештини, развивајќи самодоверба, со потикнување на критичкото мислење во остварувањето на воспитно-образовните цели.

ВИЗИЈА

Модерно и иновативно училиште на 21 век, отворено кон промени во кое центар на вниманието е ученикот.

## 5.Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| **Приоритет** | **Образложение** |
|---|---|
| 1.Набавка на смарт табли и сософтвер за потребите на новата концепција и набавка на нагледни средства по наставни предмети: македонски јазик, математика, природни науки, историја и општество, географија, хемија, биологија и музичко образование, како во одделенска, така и во предметна настава | Интерактивните смарт табли со соодветен софтвер ќе придонесат за зголемување на постигањата на сите ученици заради подигање на квалитетот на наставата односно ќе допринесат за полесно совладување на наставните содржини, бидејќи преку дигитална форма се воведува иновативација во образовниот процес. Со тоа се дава можност за реализирање на современа настава, користење на дигитални учебници, еду-платформи, мрежно поврзување со други училишта, |

| | |
|---|---|
| | вклучување во разновидни проекти, онлајн работилници и слично. Набавката на нагледни средства по наставни предмети, како во одделенска, така и во предметна настава на нашето училиште има за цел да се подобри квалитетот на наставата (интересна настава) и успехот кај учениците (мотивирани ученици). |
| 2.Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија. | Обуките за наставниците за игровни активности се особено корисни за мотивирање на учениците, како и за учење со активно вклучување на повозрасните, родителите / старателите. |
| 3.Обуки за наставници кои ќе допринесат зајакнување на професионалните компетенции од областа на работа со ученици (обука за изработка и дизајнирање на објективни тестови и планирање на диференцирани цели). | Преку следење на обуки наставниците ќе ги зајканат професионалните компетенции од подрачјето за работа со ученици и тоа изготвување / дизајнирање на објективни тестови на знаења и планирање на диференцирани цели во наставата. |
| 4.Реализација на инфраструктурни зафати во училиштето. | Со спроведување на инфрасруктурните зафати во централното и подрачните училишта ќе се подобрат условите за работа. |

**6.Дефинирани стратешки и развојни цели**

**Од приоритети кон стратешки цели**

| **Приоритет/и** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| 1.Набавка на смарт табли со софтвер за потребите на новата концепција и нагледни средства по наставни предмети, како во одделенска, така и во предметна настава и тоа по предметите: македонски јазик, математика, природни науки, историја и општество, географија, | 1.Збогатување на училиштето со квалитетни и современи нагледни средства за интересна, истражувачка и креативна настава, како и за поквалитетен наставен процес. |

| | |
|---|---|
| хемија, биологија и музичко образование. | |
| 2.Континуиорано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија. | 2.Зајакнување на професионалните компетенции на наставниот кадар од областа на ИКТ. |
| 3.Обуки за наставници кои ќе допринесат за зајакнување на професионалните компетенции од областа за работа со ученици (обука за изработка/ дизајнирање на објективни тестови на знаења и планирање на диференцирани цели). | 3.Подобрување на работата со ученици преку планирање на диференцирани цели и изработка / дизајнирање на објективни тестови на знаења. |
| 4.Реализација на инфраструктурни зафати во училиштето | 4.Подобрување на инфрасруктурните и просторните услови за работа во централното и подрачните училишта. |

**Од стратешки цели кон развојни цели** (за секоја стратешка цел се дефинираат 2-3 развојни цели)

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Збогатување на училиштето со квалитетни современи нагледни средства за интересна, истражувачка и креативна настава, како и поквалитетен наставен процес. | 1.1. Подобрување на наставата преку набавка на смарт табли; |
| | 1.2. Опремување на училиштето со современи нагледни средства, во одделенска настава, по наставни предмети: македонски јазик, математика, природни науки, историја и општество, музичко образование; |
| | 1.3. Опремување на училиштето со современи нагледни средства, во предметна настава, по наставни предмети: македонски јазик, математика, природни науки, историја и општество, географија, хемија, биологија и музичко образование. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Зајакнување на професионалните компетенции на наставниот кадар од областа на ИКТ. | 2.1. Зајакнати компетенции за користење на апликации во наставата (игровни активности) |

| | |
|---|---|
| | 2.2.Подобрени компетенции на наставниците за користење апликации за компјутерски игри и мултимедија. |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели |
| Подобрување на работата со ученици преку планирање на диференцирани цели и изработка / дизајнирање на објективни тестови на знаења. | 3.1.Продлабочување на стручните компетенции на наставниот кадар преку обуки за изготвување на диференцирани цели во наставата. |
| | 3.2.Проширување на знаења за изработка /дизајнирање на објективни тестови на знаења. |
| | 3.3.Подобрување на вештините и знаењата кај учениците и подобрени резултати во учењето. |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели |
| Подобрување на инфрасруктурните и просторните услови за работа во централното и подрачните училишта. | 4.1.Изградба на централно загревање на училишната зграда во ЦОУ Круме Волнароски -Тополчани |
| | 4.2. Изградба на централно загревање на училишната зграда во ППУ Круме Волнароски-с.Старо Лагово |
| | 4.3. Реконструкција на ѕидови, тавани и подови во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово |
| | 4.4. Промена на електрична инсталација во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово |
| | 4.5. Адаптација на просторија за спортски соблекувални по ФЗО во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово |
| | 4.6. Адаптација на просторија за спортски соблекувални по ФЗО во ЦОУ Круме Волнароски -Тополчани |
| | 4.7.Изградба на летниковец / ЕКО училница во ПУ Беровци |

## 7.Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| **Стратешка цел 1**. Збогатување на училиштето со квалитетни современи нагледни средства за интересна, истражувачка и креативна настава, како и поквалитетен наставен процес. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1.**Подобрување на наставата преку набавка на смарт табли | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.Спроведува-ње на процеду-ра за набавка на 4 смарт табли | Смарт таблите ги користат сите наставници. Квалитетот на наставта и успехот е подобрен | -Наставници<br>-Стручни соработници<br>-Директор<br>-Секретар / благајник | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Спецификации<br>-Записници и информации од следење на наставата<br>-Фотографии<br>- Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |
| **Развојна цел 1.2.** Опремување на училиштето со современи нагледни средства во одделенска настава по наставни предмети: македонски јазик, математика, природни науки, историја и општество и музичко образование | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.Изготвување на список од потребни | Реализација на современа и | -Наставници<br>-Стручни соработници | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| нагледни средства по наставни предмети во одделенска настава<br>2.Спроведува-ње на јавна набавка<br>3.Набавка на нагледни средства | квалитетна настава од сите наставнци во одделенска настава;<br>-Подобру-вање на успехот на 70% од учениците по наставните предмети: македонски ј., матема-тика, ПН, историја и општество и музичко образование | -Директор<br>-Секретар / благајник | | -компјутер<br>-предвиден буџет | секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | - Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |
| **Развојна цел 1.3.** Опремување на училиштето со современи нагледни средства во предметна настава по наставни предмети: македонски јазик, математика, природни науки, историја и општество, географија, хемија, биологија и музичко образование. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1. Список од потребни нагледни | Реализација на современа и | -Наставници<br>-Стручни соработници | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| средства по наставни предмети во предметна настава<br>2.Објавување на јавна набавка<br>3.Набавка на нагледни средства | квалитетна настава од сите наставнци во предметна настава;<br>-Подобру-вање на успехот на 70% од учениците по настав-ните предмети: македонски јазик, математика, природни науки, историја и општество, географија, хемија, биологија и музичко образование | -Директор<br>-Секретар / благајник | | -компјутер<br>-предвиден буџет | секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -- Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

| **Стратешка цел 2**. Зајакнување на професионалните компетенции на наставниот кадар од областа на информатиката | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел** 2.1. Зајакнати компетенции за користење на апликации во наставата (игровни активности) | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.Состаник на тимот за професиона-лен развој;<br>2.Избор на акредитира програма за обука;<br>3.Реализација на обуката<br>4.Дисемина-ција | Современа и квалитетна настава Обучени -12 наставници за користење на игровни активности на 30% од часовите, зголемен интерес за настава кај 90% од учениците, зголемен училишен успех кај 80% од учениците. Сите наставници користат апликации во | -Тим наставници Двајца наставници ја вршат десиминаци-јата што ја следеле базичната обука<br>-стручна служба<br>-директор | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии<br>- Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наставата-<br>игровни<br>активности | | | | | |
| **Развојна цел 2.2.** Подобрени компетенции на наставниците за користење апликации за компјутерски игри и мултимедија | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.Состаник на тимот за професиона-лен развој;<br>2.Избор на акредитира програма за обука;<br>3.Реализација на обуката;<br>4.Дисемина-ција | Реализација на современа и квалитетна настава. Обучени 12 наставици. Користење на компју-терски игри и мултиме-дија на 30% од часовите, зголемен интерес за настава кај 90% од учениците, зголемен училишен успех кај 80% од учениците. Сите | -Тим наставници<br>Двајца наставници ја вршат десиминацијата што ја следеле базичната обука<br>-стручна служба<br>-директор | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Списоци<br>-Записници<br>-Каталог на акредитирани обуки<br>-Фотографии<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наставници користат апликација за компјутер-ски игри и мултимедија | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 3.** Подобрување на работата со ученици преку планирање на диференцирани цели и изработка/дизајнирање  на објективни тестови на знаења | | | | | | |
| **Развојна цел** 3.1.Продлабочување на стручните компетенции на наставниот кадар преку обуки за изготвување на диференцирани цели во наставата | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.Состаник на тимот за професиона-лен развој;<br>2.Избор на акредитира програма за обука;<br>3.Реализација на обуката;<br>4.Дисеми-нација | -Квалитетни планирања за реализација на современа настава Обучени 10 наставици. Сите обучени наставници планираат диференци-рани цели во | -Тим наставници<br>-стручна служба<br>-директор<br>-десимина-цијата ја вршат двајца наставници кои ја следеле базичната обука | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Списоци<br>-Записници<br>-Каталога на акредитирани обуки<br>-Фотографии<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наставата. Постигања-та на учениците ќе се подобрат за 80% | | | | | |
| **Развојна цел 3.2.** Проширување на знаења за изработка и дизајнирање на објективни тестови на знаење. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.Состаник на тимот за професиона-лен развој;<br>2.Избор на акредитира програма за обука;<br>3.Реализација на обуката;<br>4.Дисминација | Реализација на современа и квалитетна настава. Обучени 10 наставици. Сите обучени наставници изработуваат дизајнирани објективни тестови на знаење.. Постигањата на учениците ќе се подобрат за 80% | -Тим наставници<br>-стручна служба<br>-директор<br>-десимина-цијата ја вршат двајца наставници кои ја следеле базичната обука | 2025-2028 | -хартија<br>-компјутер<br>-принтер<br>-LCD проектор презента-ции<br>-работен материјал<br>-предвиден буџет | -Директор<br>-Тим за следење и унапредување на наставата Благајник/секре.<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Списоци<br>-Записници<br>-Каталога на акредитирани обуки<br>-Фотографии<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

| **Развојна цел 3.3.** Подобрување на вештините и знаењата кај учениците и подобрени резултати во учењето | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори на успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.Следење на планирања<br>2.Следење на наставата<br>3.Согледувања од примената<br>4 Состанок на стручни активи | Реализација на современа и квалитетна настава според нивоата на блумовата таксономија и потребите кај ученицте. Подобрување на успехот кај учениците за 80% | -Тим наставници<br>-стручна служба<br>-директор | 2025-2028 | -хартија<br>-компјутер<br>-принтер<br>-LCD проектор<br>-презентации<br>-работен материјал | -Директор<br>-Стучна служба,<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Списоци<br>-Записници<br>-Каталога на акредитирани обуки<br>-Фотографии<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

| **Стратешка цел 4.** Подобрување на инфрасруктурните и просторните услови за работа во централното и подрачните училишта | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел** 4.1. Изградба на централно загревање на училишната зграда во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -Изработка на проект<br>-Спроведување | -Подобрување на условите за | -директор<br>-благајник<br>секретар | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| на јавна набавка<br>-Реализација | работа<br>-Зголемена енергетска ефикасност за 30%<br>-Подобру-вање на хигиената за 30% | -компанија/ фирма за реализација на развојната цел<br>-надзорен орган | | -компјутер<br>-предвиден буџет | секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Подобување на успехот<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |
| **Развојна цел** 4.2. Изградба на централно загревање на училишната зграда во ППУ Круме Волнароски-с.Старо Лагово | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -Изработка на проект<br>-Спроведување на јавна набавка<br>-Реализација | -Подобру-вање на условите за работа<br>-Зголемена енергетска ефикасност за 30%<br>-Подобру-вање на хигиената за 30% | -директор<br>-благајник секретар<br>-компанија/ фирма за реализација на развојната цел<br>-надзорен орган | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |
| **Развојна цел** 4.3. Реконструкција на ѕидови, тавани и подови во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово | | | | | | |
| Активности | Индикатори на успех | Носители на активности | Временска рамка за | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на | Инструменти/извори на информации за |

| | | | имплемен-тација | | активностите | следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Изработка на проект<br>-Спроведување на јавна набавка<br>-Реализација | -Подобру-вање на условите за работа<br>-Зголемена енергетска ефикасност за 30%<br>-Подобру-вање на хигиената за 30% | -директор<br>-благајник секретар<br>-компанија/ фирма за реализација на развојната цел<br>-надзорен орган | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |
| **Развојна цел** 4.4. Промена на електрична инсталација во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово | | | | | | |
| Активности | Индикатори на успех | Носители на активности | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -Изработка на проект<br>-Спроведување на јавна набавка<br>-Реализација | -Подобру-вање на условите за работа<br>-Зголемена енергетска ефикасност за 30%<br>-Зголемена безбедност во училиштето | -директор<br>-благајник секретар<br>-компанија/ фирма за реализација на развојната цел<br>-надзорен орган | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии<br>-Подобување на успехот<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

| **Развојна цел** 4.5. Адаптација на просторија за спортски соблекувални по ФЗО во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори на успех | Носители на активности | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -Изработка на проект<br>-Спроведување на јавна набавка<br>-Реализација | -Подобру-вање на условите за работа при реализација на наставата по ФЗО | -директор<br>-благајник секретар<br>-компанија/ фирма за реализација на развојната цел<br>-надзорен орган | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии<br>-Подобување на успехот<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

| **Развојна цел** 4.6. Адаптација на просторија за спортски соблекувални по ФЗО во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори на успех | Носители на активности | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -Изработка на проект<br>-Спроведување на јавна набавка<br>-Реализација | -Подобру-вање на условите за работа при реализација на наставата | -директор<br>-благајник секретар<br>-компанија/ фирма за реализација на развојната | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | по ФЗО | цел<br>-надзорен орган | | | | полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

**Развојна цел** 4.7.Изградба на летниковец / ЕКО училница во ПУ Беровци

| Активности | Индикатори на успех | Носители на активности | Временска рамка за имплемен-тација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извор и на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Изработка на проект<br>-Спроведување на јавна набавка<br>-Реализација | -Подобру-вање на условите за работа<br>-Реализа-ција на настава во природа<br>-Подобру-вање на квалитетот на настава-та и зголе-мена моти-вација кај учениците за учење за 30% | -директор<br>-благајник секретар<br>-компанија/ фирма за реализација на развојната цел<br>-надзорен орган | 2025-2028 | -каталог<br>-хартија<br>-тонер<br>-компјутер<br>-предвиден буџет | -Директор на ООУ<br>-Благајник/ секретар<br>-Стручна служба<br>-Наставници<br>-Раководител на ППУ | -Спецификации<br>-Записници<br>-Фотографии<br>-Извештаи за работа на училиштето (квартален, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето) |

## 8.Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

1.Јасмина Караниколова (социолог) - ____________________

2.Анета Тренкоска (раководител на ППУ) - __________________

3.Јордан Чавлески (наставник) - ____________________

4.Елизбета Кочоска (наставник) - ____________________

5.Маја Јандреска (родител) - __________________

6.Евгенија Деркоска (ученик) - __________________

Датум:

29.08.2024

Претседател на УО:

________________________

/Игор Мицкоски/

м.п.

Директор:

______________________

/Дејан Бунтески/